## *МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,

www.mrt.com.mk


**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1174/**

# З А П И С Н И К

**Од 139-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 08.03.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Марјан Цветковски-Директор на МРТ, Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ, Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,139-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записниците од 129-та и 138-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.

3. Разгледување на Информација по Заклучок бр. 02-607/4 од 17.02.2021 год.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на Записниците од 129-та и 138-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ ги стави на разгледување записниците од 129-та и 138-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записниците од 129-та и 138-ма седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по гласањето едногласно **ги усвои** записниците од 129-та и 138-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со забелешка по однос на документот, дека многу од забелешките меѓу кои и на претседателката не се вметнати во крајниот документ што го добивме за оваа седница.
Претседателката во продолжение повторно ги презентираше своите забелешки по однос на Петгодишната стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија усно, и додаде дека истите ќе бидат повторно доставени на псимено до службите.
Директорот на МРТ потенцираше дека поголем тим од МРТ го составуваше документот и најверојатно тие оцениле дека ова како документ е најприфатливо за МРТ,се она што вие ќе мислите дека треба дополнително да се прифати ние ќе го почитуваме и прифатиме.
Членот на советот Снежана Клинчарова истакна дека е задоволна од финалниот документ и дека треба да го скратиме времето на донесување/усвојување на ваквиот документ, бидејќи оваа стратегија начелно требаше да биде со важност од јануари 2021 година, текстот е лекториран и техничките недоследности се корегирани во оваа последна верзија, како и повеќе забелешки меѓу кои и некој од моите се прифатени и вметнати.
Членот Илир Рамадани по однос на делот за програмски директор со прашање зошто е потребно да се воведе ваква функција кога има директори на Радио и на Телевизија а истите имат имат и уредници на сите редакции и ја контролираат цела програма, зошто треба да се постави таков директор кога истите работи се кординарт и од директорите, со поставување на програмски директор се мешат ингиренците меѓу дирекорите на радиото и на Телевизијата и зато мислам дека не траба да постои местото на Програмски директор, исто така барам информација зошто се инсистира за да биде тоа нова функција.
Директорот на МРТ објасни дека функцијата Програмски директор е исклучиво координативна функција и ја имаат сите јавни сервиси освен ние, ако се прашувам јас функциите што ние ги имаме директор на радио и директор на телевизија би ги укинал бидејќи оваа функција Програмски директор е поважна и поконкретна од двете, и оваа функција не е да уредува програма бидејќи тоа е секако исклучива надлежност на одговорните уредници,тука станува збор само за координација.
Членот Гајур Рамдани со став дека доклку се согласиме да има Програмски директор како функција треба да се ифрлат овие две функции на директори на радио и ТВ,бидејќи веднаш стануваат вишок, а и обратно ако биде како до сега со диркетори на радио и ТВ нема потреба од воведување на програмски директор.

**ТОЧКА 3: Разгледување на Информација по Заклучок бр. 02-607/4 од 17.02.2021 год.**
Пред присутните беше доставена Информација по Заклучок бр. 02-607/4 од 17.02.2021 година.
Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија посочи дека не е задоволен од Информацијата бидејќи е многу штура нема име која е фирмата што го обезбедила студиото, и ги нема потребните информации кои беа побарани, или доколку е вака без финансиски надомест како што се вика и да им се заблагодариме јавно на тие што организирале.

Директорот на МРТ објасни дека нема сеуште договор потпишано,бидејќи до сам почеток на Светското првенство во ракомет не се знаеше дека Македонската репрезентација ќе учествува на истото,и кога во последен момент влета во првенството нас сите студија ни беа зафатени со друга сценографија и немавме соодветно студио за таа намена, а и немавме ни време за спремање така да моравме да се снаоѓаме како да емитуваме програма онаму каде што имаме контакт за брза реакција без финасиски средства.

**ТОЧКА 4:Разно.**

На почетокот од расправата по оваа точка Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац посочи дека деканот на ФИНКИ (Факултет за информатички науки и компјутерско инжинерство) ме информираше дека поради јубилејот кој факултетот го слави (10 години постоење), побарал од документарната редакција на МТВ да се сними документарец за истото, и притоа добил одговор дека сега во време на пандемија не е оставрливо да се сними документарец, а јас дознав дека се снимаат документарци редовно во МТВ без некаков застој, и затоа барам бидејќи сето ова претставува јавен интерес Одговрниот уредник на Првиот програмски сервис на МТВ на наредна седница да ја објасни ваквата ситуација.

Членот на Програмскиот совет на МРТ Анита Латифи по расправата по оваа точка го предложи следниов Заклучок:

• Програмскиот совет на МРТ го разгледа Извештајот на склучени договори за период од Декември 2020-Февруари 2021, и го задолжува Директорот на МРТ и Одоговрните уредници на Прв и Втор програмски сервис МТВ да достават Информација во која ќе биде објаснето колку апликации биле пристигнати на разгледување пред Комисијата за избор на програмски содржини, и кои се проектите кои биле одобрени од Комисијата за избор на програмски содржини.

-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ

Седницата заврши во 14:20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател